**20221712383**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21 и 164/22), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21 и 123/22), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/19, 27/20 и 56/21), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр. 50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16 и 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 235/19) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 јули 2022 година, донесе

### ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2022 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 28/22, 64/22, 88/22, 118/22 и 123/22) во делот I воведната реченица се менува и гласи:

„Средствата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година во вкупен износ од 6.436.264.000 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.287/21 и 164/22) раздел 140.04 програма 2 потпрограма 20 ставка 464 разни трансфери ќе се користат според следните мерки:“.

Во табелата во мерката 1 износот „1.300.000.000“ се заменува со износот „1.450.000.000“.

Во мерката 11 износот „2.165.164.000“ се заменува со износот „4.615.164.000“.

Во „Вкупно“ износот „3.836.264.000“ се заменува со износот „6.436.264.000“.

II

Во делот II во воведната реченица износот „1.300.000.000“ се заменува со износот „1.450.000.000“.

III

Во делот XII износот „2.165.164.000“ се заменува со износот „4.615.164.000“.

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-6425/1
29 јули 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.